**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/2
09.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

AUE
American University of Europe-FON
FON

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 268**

**Скопје, 09.04.2026**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно-научни звања, од областа: 5.02.00.09 – Друго (Маркетинг комуникации и односи со јавноста)....................................................................................................4705

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ 5.02.00.09 - ДРУГО (МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН

Врз основа на Законот за високо образование и Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН а во врска со објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област 5.02.00.09 -Друго (Маркетинг комуникации и односи со јавноста), согласно член 172 од Законот за високо образование (службен весник на Република Македонија бр.82/18, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и бр. 58/24, 124/25), Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки на седницата одржана на 24.03.2026 година, определи Рецензентска комисија, во следниот состав:

1. професор емеритус Мирко Трипуновски - претседател
2. професор д-р Лазар Арсовски - член
3. професор д-р Марина Кантарџиева - член

Рецензентската комисија утврди дека на објавениот конкурс, согласно член 172 од Законот за високо образование (службен весник на Република Македонија бр.82/18, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21и бр. 58/24, 124/25), на кој

Американскиот универзитет на Европа - ФОН распиша конкурс за избор/реизбор во наставно-научно звање на наставник, во сите наставно-научни звања од научната област 5.02.00.09 - Друго (Маркетинг комуникации и односи со јавноста), се пријавил само кандидатот: Д-р Еркан Алили, вработен на Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје и дека со пријавата на конкурсот кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензентската комисија ја проучи научната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје, го поднесува следниот заеднички:

**ИЗВЕШТАЈ**

За кандидатот д-р Еркан Алили, во кој се опфатени:

1. Биографски податоци
2. Анализа и оцена на научната дејност на кандидатот
3. Анализа на стручната дејност на кандидатот
4. Заклучна оцена, мислење и предлог на рецензионата комисија

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот
2. Список на научни и стручни трудови

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ Д-Р ЕРКАН АЛИЛИ

Кандидатот д-р Еркан Алили е роден на 14 јуни 1977 година во Тетово. Средното образование го завршува во СЕПУГС „Арсени Јовков“ во Скопје. Додипломски студии завршува во 2013 година на Филолошкиот факултет “Блаже Конески”, на катедрата за Турски јазик и Книжевност, со просек од 8,77. Во 2016 година на Американскиот универзитет на Европа - ФОН завршува и постдипломски студии (втор циклус), стекнувајќи се со титула Магистер на економски науки од областа на Маркетингот, со просечен успех од 8,63. Во 2025 година ги завршува докторските студии на ВУЗФ Универзитетот во Софија, со просек 9,11, со одбранет докторски труд на тема: “**ОДНОСОТ ПОМЕЃУ МАРКЕТИНГОТ И ФИНАНСИИТЕ ВО СОВРЕМЕНИТЕ ТЕХНОЛОШКИ РЕШЕНИЈА КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО ДЕЛОВНИОТ МЕНАЏМЕНТ**”, и се здобива со титулата ”**ДОКТОР ПО ЕКОНОМИЈА (ФИНАНСИИ И ОСИГУРУВАЊЕ) “.**

Во текот на своето образование, д-р Еркан Алили активно учествува на бројни семинари и обуки во областа на меѓународниот бизнис, маркетинг комуникации конференции за подобрување на соработката помеѓу државите од регионот, со што дополнително ги продлабочува своите професионални компетенции. Во периодот од 2013 до 2015 година, тој волонтира на Филолошкиот факултет во Скопје, а од 2015 година до денес работи како координатор за упис при Американскиот универзитет на Европа – ФОН во Скопје.

## 2. ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација на тема: “**ОДНОСОТ ПОМЕЃУ МАРКЕТИНГОТ И ФИНАНСИИТЕ ВО СОВРЕМЕНИТЕ ТЕХНОЛОШКИ РЕШЕНИЈА КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО ДЕЛОВНИОТ МЕНАЏМЕНТ**” кандидатот ја одбрани на 07.02.2025 на Факултетот за економски науки при универзитетот ВУЗФ во Софија. Со одбраната кандидатот се стекнал со академски степен: ”**ДОКТОР ПО ЕКОНОМИЈА (ФИНАНСИИ И ОСИГУРУВАЊЕ)**“.

## 3. ОБЈАВЕНИ СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ

| | |
|---|---|
| Дата | Година 2023, Број 17 |
| Место | Скопје |
| Конференција | Македонско здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје |
| Наслов на трудот | Significance of finance and accounting in business companies |
| Кратко резиме | Finance and accounting play an important role in the management of any company. Companies are operated on money, so it is very important to control money in order to have a hold on the business. Finance and accounting of a company helps to manage income and expenses and also the flow of money and thereby direct the course of business. Ffinance and accounting are two disciplines that are essential for any business no matter how small or big it may be. |

| | |
|---|---|
| Дата | Година 2024, Број 19 |
| Место | Скопје |
| Конференција | Македонско здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје |
| Наслов на трудот | Relations between Republic of North Macedonia and Turkey: historical perspective and current status |
| Кратко резиме | Relations between the Republic of North Macedonia and Turkey are deeply rooted in historical, cultural and political ties. Both countries are full members of the Council of Europe and NATO. The Republic of North Macedonia has an embassy in Ankara and a consulate general in Istanbul. Turkey has an embassy in Skopje and a consulate general in Bitola. Due to historical, cultural and human relations, the Republic of North Macedonia and Turkey have very close and friendly relations. |

| | |
|---|---|
| Дата | Година 2024, Број 19 |
| Место | Скопје |
| Конференција | Македонско здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје |
| Наслов на трудот | The differences and the meaning on finances and marketing in the company |
| Кратко резиме | The finance and marketing departments represent two essential yet distinct functions within any organization. The finance sector is responsible for financial planning, accounting, and making strategic decisions, while the marketing department develops strategies and plans for communicating with the target audience to promote the company's brands, products, and services. |

| | |
|---|---|
| Дата | Година 2024, Број 20 |
| Место | Скопје |
| Конференција | Македонско здружение за маркетинг „МАРКЕТИНГ“ – Скопје |
| Наслов на трудот | Financing marketing in the company |
| Кратко резиме | in recent years, marketing has become increasingly important in the context of companies' financial performance. Successful marketing strategies have a positive impact on the financial outcomes of organizations, acting as a resource that the company can leverage to create a competitive advantage, which in turn leads to increased market share and profitability. |

| | |
|---|---|
| Дата | Година 2024, Број 20 |
| Место | **Скопје** |
| Конференција | Македонско мегународно научно списание „МАРКЕТИНГ" |
| Наслов на трудот | The impact on financial aspects on marketing in the companies, |
| Кратко резиме | Business finance and marketing are significant and frequently discussed concepts. Finance focuses on managing funds through strategic and profitable investments. On the other hand, business finance refers to managing financial resources within an organization, including budgeting, financial analysis, capital raising, investment decisions, and risk management. |

## Заклучок, мислење и предлог на Рецензентската комисија

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци и деталното анализирање на сите сегменти од научното делување на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека: Кандидатот д-р Еркан Алили, во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование и одредбите од Статутот на Американски универзитет на Европа – ФОН, за избор во наставник од научната област 5.02.00.09 – Друго (Маркетинг комуникации и односи со јавноста).

Со одбранет докторски труд во област, учество на меѓународни и домашни конференции и семинари од областа на економијата, постојано го надоградува своето знаење. Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека Д-р Еркан Алили во целост ги исполнува педагошките, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со Статут на Американскиот универзитет на Европа - ФОН да биде избран за **доцент** од научната област 5.02.00.09 – Друго (Маркетинг комуникации и односи со јавноста).

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН, да го избере кандидатот **д-р Еркан Алили** во наставно-научно звање **доцент** од областа 5.02.00.09 – Друго (Маркетинг комуникации и односи со јавноста).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. проф. емеритус Мирко Трипуноски, с.р. ______________________
2. проф. д-р Лазар Арсовски, с.р. ______________________
3. проф. д-р Марина Кантарџиева, с.р. ______________________

Скопје, април 2026 година.